*Доц. Д-р Јорданка Галева*

# ВЛИЈАНИЕТО НА МУЛТИКУЛТУРНИТЕ ПРАШАЊА ВРЗ ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И КРАЛСТВОТО ДАНСКА

*Апстракт: Предмет на овој труд е мултикултурниот аспект на Република С. Македонија и Кралството Данска и неговото влијанието врз правната регулатива за заштита и промоција на мултикултурализмот. Во трудот е направена компарација помеѓу уставните и законски акти на двете држави и на политиките и другите Правни документи, поврзани со овие прашања. Целта е да се спореди колку мултикултурните прашања, односно етнички, религиски и јазични елементи претставуваат предизвици (и колку често) за измени на правната регулатива во двата случаи. Изборот за анализа на овие два случаи е направен со цел да се споредат две различни мултикултурни општества и да се увиди на кој начин мултикултурните прашања влијаат на правната регулатива и колку истите се одржливи и трајни.*

**Клучни зборови:** *устав, мултикултурализам, малцинства, Република С. Македонија, Кралство Данска, Гренланд, Фарски Острови*